**До: Сите единици (факултети/институти) при УКИМ во Скопје**

**Предмет: Учество на турнир во брзопотезен шах за студенти на сите единици на УКИМ во Скопје**

Почитувани,

По повод 16-ти декември, **денот на Факултетот за земјоделски науки и храна**, на 19.12.2019 година (четврток) се организира турнир во брзопотезен шах за студенти од факултетите и единиците при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како дел од **неделата на настани кои ги организира ФЗНХ по повод 72 години од своето постоење.** За таа цел, Факултетот за земјоделски науки и храна ги поканува сите заинтересирани единици (факултети/институти) да пријават по двајца (2) студенти преставници на својата институција за учество на овој турнир. Пријавувањето може да се изврши најдоцна до 13.12.2019 година (четврток).

Пријавувањето за учество на турнирот потребно е да се изврши кај проф. д-р Ѓоко Буневски од ФЗНХ, на електронската пошта: bunevski@gmail.com .

Турнирот ќе се одржи на 19.12.2019 година со почеток во 12 часот, во деканската сала на ФЗНХ. Учеството на студентите од УКИМ на овој еднодневен турнир е бесплатно. За оваа цел, организаторот обезбеди шаховски гарнитури, часовници за шах и професионални судии. Ждрепката и системот за натпреварување ќе се одреди пред самиот почеток на турнирот, пред присутните пријавени учесници. Ве информираме дека, пријавените екипи можат да бидат и мешани (машки и женски) и од сите циклуси на студии.

Со почит,

**Декан**

Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ

БР. 02-6081/1
4.12.2019
**Скопје**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ
„Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА
ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И
ХРАНА-СКОПЈЕ**

П.ФАХ 297,
1000 Скопје,
Република Северна
Македонија

ТЕЛ: +389 2 3255100
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

**Е-пошта:**
contact@fznh.ukim.edu.mk

**Веб-локација:**
www.fznh.ukim.edu.mk

ДЕКАН
Проф. д-р Вјекослав
Танасковиќ
vtanaskovic@fznh.ukim.edu.mk